АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 09. 11. 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 4128 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ

3. **Датум на извршување на надзорот:** 09 ноември 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде **3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари**"*.

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: На 14.09.2021 година, Агенцијата испрати допис (наш бр. 03-3387/1) до ТРД РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ, со кој побара во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во правилникот, односно дека има ангажирано три лица, од кои две имаат високо образование и се ангажирани како новинари.

   На 21.09.2021 година, радиодифузерот достави договори за дело со само две лица. Договорите беа доставени по електронска пошта, а согласно „Правилникот за начинот на доставување на пропратна документација кон дописите и пријавите до архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги" треба да се доставаат во архивата на Агенцијата и тоа во оригинал или пак копија заверена на нотар. Дополнително, ниту за овие две лица нема никаков доказ дека имаат високо образование.

   Поради тоа, Агенцијата уште еднаш писмено се обрати до радиодифузерот (допис бр. 03-3387/2 од 25.10.2021 година) и му укажа дека треба уредно да ја достави целата потребна документација. Рокот за доставување на документите истече на 02.11.2021 година, а заклучно со 09.11.2021 година радиодифузерот не достави никаква документација.

7. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој *„за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни*

*минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенијата*" и член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***